# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

Број 6 Понеделник, 26 Јуни 2023 Демир Капија

1442 Демир Капија, ул.Маршал Тито бб тел/факс: (+389 43) 364 100, e-mail: opstinadk@yahoo.com

## С О Д Р Ж И Н А

1. *Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација на дел од ДУП Демир Капија донесен со одлука од 1985 со технички број 384/83, КО Демир Капија, Општина Демир Капија*............
2. *Програма за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2023 година*............
3. *Решение за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување во 2023 година*............
4. *Решение за недонесување на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2024 година на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија*............
5. *Решение за одобрување финансиски средства на Здружение Фудбалски Клуб ЖФК ЛОЗАРКИ Демир Капија*............
6. *Решение за одобрување на еднократна парична помош*............
7. *Решение за одобрување на еднократна парична помош*............
8. *Решение за одобрување на еднократна парична помош*............
9. *Решение за одобрување финансиски средства за организирање на Традиционален ПЕТРОВДЕНСКИ ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ Бистренци за 2023 година*............
10. *Одлука за одземање на мандат на член на Советот на општина Демир Капија*............

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација на дел од ДУП Демир Капија донесен со одлука од 1985 со технички број 384/83, КО Демир Капија, Општина Демир Капија**

Се објавува Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација на дел од ДУП Демир Капија донесен со одлука од 1985 со технички број 384/83, КО Демир Капија, Општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 23.06.2023 година.

Број 09 –486/1 Градоначалник на
26.06.2023 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.32/20), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на 23.06.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација на дел од ДУП Демир Капија донесен со одлука од 1985 со технички број 384/83, КО Демир Капија, Општина Демир Капија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се потврдува *Урбанистички проект со план за парцелација на дел од ДУП Демир Капија донесен со одлука од 1985, со технички број 384/83* со тех.бр.03-37/23 од април 2023 изработен од дооел ,,НИМАЕР'' – д.е. Скопје, согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.32/20), Правилник за поблиска содржина, форма и начин на обработка на Генерален урбанистички план, Детален урбанистички план, Урбанистички план за село, Урбанистички план вон населено место и регулациски план на Генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и Архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура („Службен весник на РМ", бр.142/15) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", бр.225/20, 219/21 и 104/22).

**Член 2**

Проектниот опфат на Урбанистички проект со план за парцелација на дел од ДУП Демир Капија донесен со одлука од 1985, со технички број 384/83 со тех.бр.03-37/23 од април 2023 изработен од дооел ,,НИМАЕР'' – д.е. Скопје е со површина од 5130.67 м$^2$. Истиот со својата местоположба припаѓа на територија на КО Демир Капија, Општина Демир Капија.

Проектниот опфат ги опфаќа катастарските парцели КП 4395/12, КП 4395/13, КП 4395/14, КП 4395/15, КП 4395/16, КП 4395/17, КП 4395/18, КП 4395/19, КП 4185/1, КП 4395/43 и КП 4395/61 КО Демир Капија, Општина Демир Капија.

**Член 3**

Урбанистички проект со план за парцелација на дел од ДУП Демир Капија донесен со одлука од 1985, со технички број 384/83 со тех.бр.03-37/23 од април 2023 изработен од дооел ,,НИМАЕР'' – д.е. Скопје, се состои од текстуален и графички дел со следнава содржина:

-Општ дел
-Регистрација на проектанско претпријатие
-Лиценца
-Решение за назначување на планери
-Овластувања на носителите на проектната документација
-Текстуален дел
-Проектна програма
1. Вовед
2. Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супструктура и

инфраструктура во рамките на проектниот опфат
3. Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение во градежната парцела , во која е утврден простор определен со градежни линии во кој може да се поставуваат повеќе градби
3.1 Дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за секоја градба поединечно
4.Општи и посебни услови за градење
5.Нумерички показатели
6.Мерки за заштита
-Мерки за заштита на животната средина
-Мерки за заштита и спасување
-Обезбедување и спречување на бариери за лица со инвалидитет
-Мерки за заштита на природното и културното наследство
-Други мерки согласно мислења од надлежни субјкти со јавни овластувања од член 47 од Законот за урбанистичко планирање
-графички дел
-урбанистичко - проектна документација
- извод од урбанистички план
1.ажурирана геодетска подлога превземена од геодетски елаборат со нанесена граница на проектниот опфат
2. урбанистичко решение за проектниот опфат
3. план за парцелација

Прилози:

- Проектна програма за урбанистички проект со план за парцелација на дел од ДУП Демир Капија донесен со одлука од 1985, со технички број 384/83 со тех.бр.03-37-1/23 од април 2023 изработена од дооел ,,НИМАЕР'' – д.е. Скопје;
- Позитивно мислење бр.УПI10-117 од 09.05.2023 од комисија за урбанизам на Општина Демир Капија за проектна програма;
- Полномошно од нарачателот Општина Демир Капија со арх.бр.10-174/3 од 23.03.2023;
- Извод од ГУП Демир Капија со арх.бр.УП I 10-77 од 31.03.2023, издаден од Општина Демир Капија;
- Извод од Измена и дополна на ГУП Демир Капија со арх.бр.УП I 10-78 од 31.03.2023, издаден од Општина Демир Капија;
- Извод од ДУП Демир Капија со арх.бр.УП I 10-67 од 24.03.2023, издаден од Општина Демир Капија;
- Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени – Ажурирана геодетска подлога, со дел.бр.08-137/3 од 05.04.2023, изработен од Друштво за геодетски работи ГЕОДЕТИК ДООЕЛ СКОПЈЕ со известување за електронска заверка 1110-21/2023 од 06.04.2023 од Агенција за катастар на недвижности, Одделение за катастар на недвижности Неготино;
- Податоци и информации од Агенција за електронски комуникации со арх.бр.1404-767/2 од 09.03.2023;
- Податоци и информации од Агенција за цивилно воздухопловство со арх.бр.12-8/231 од 21.02.2023;
- Податоци и информации од Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост со арх.бр.15-868/2 од 23.02.2023;
- Податоци и информации од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје со арх.бр.10-25/3-99 од 28.02.2023;
- Податоци и информации од Македонски телеком – АД Скопје со арх.бр.49800 од 27.02.2023;
- Податоци и информации од МЕПСО со арх.бр.11-1231/1 од 24.02.2023;
- Податоци и информации од Општина Демир Капија со арх.бр.УПI10-43 од 21.02.2023;
- Податоци и информации од Дирекција за заштита и спасување Подрачно одделение за заштита и спасување – Неготино со арх.бр.09/3-22/2 од 03.03.2023;
- Податоци и информации од Министерство за култура – Управа за заштита на културно наследство со арх.бр.17-747/2 од 06.03.2023;

- Имотен лист бр.947 за КП 4395/12 издаден под бр.1105-1666/2023 од 24.03.2023;
- Имотен лист бр.1079 за КП 4395/13 издаден под бр.1105-1668/2023 од 24.03.2023;
- Имотен лист бр.1225 за КП 4395/14 издаден под бр.1105-1669/2023 од 24.03.2023;
- Имотен лист бр.1204 за КП 4395/15 издаден под бр.1105-1671/2023 од 24.03.2023;
- Имотен лист бр.1635 за КП 4395/16 издаден под бр.1105-1674/2023 од 24.03.2023;
- Имотен лист бр.1206 за КП 4395/17 издаден под бр.1105-1675/2023 од 24.03.2023;
- Имотен лист бр.2248 за КП 4395/18 издаден под бр.1105-1676/2023 од 24.03.2023;
- Имотен лист бр.1214 за КП 4395/19 издаден под бр.1105-1677/2023 од 24.03.2023;
- Имотен лист бр.1002 за КП 4185/1 и КП 4395/43 издаден под бр.1105-1678/2023 од 24.03.2023;
- Имотен лист бр.1004 за КП 4395/61 издаден под бр.1105-1679/2023 од 24.03.2023;
- Мислење од Агенција за цивилно воздухопловство со арх.бр.12-8/518 од 10.04.2023;
- Одговор на барање од АД Електрани на Северна Македонија – Скопје со арх.бр.08-2493/1 од 26.04.2023;
- Мислење од Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост со арх.бр.15-1888/2 од 10.04.2023;
- Мислење од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје со арх.бр.10-22/4-107 од 25.04.2023;
- Мислење од Македонски телеком – АД Скопје со арх.бр.51366 од 13.04.2023;
- Мислење од Дирекција за заштита и спасување Подрачно – Неготино со арх.бр.09/3-59/2 од 04.05.2023;
- Мислење од Агенција за катастар на недвижности со арх.бр.0939-5379/2 од 03.05.2023;
- Електронски запис од Агенција за катастар на недвижности – графички регистар за градежно земјиште, извршен на ден 17.05.2023;
- Урбанистички проект со план за парцелација на дел од ДУП Демир Капија донесен со одлука од 1985, со технички број 384/83 со тех.бр.03-37/23 од април 2023 изработен од дооел ,,НИМАЕР’’ – д.е. Скопје;
- Стручна ревизија за урбанистички проект со план за парцелација на дел од ДУП Демир Капија донесен со одлука од 1985, со технички број 384/83 со тех.бр.0901-351/23 од мај 2023 изработена од Друштво за трговија и услуги ,,БИЛД УРБАН’’ ДООЕЛ Скопје;

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Урбанистички проект со план за парцелација на дел од ДУП Демир Капија донесен со одлука од 1985, со технички број 384/83 со тех.бр.03-37/23 од април 2023 изработен од дооел ,,НИМАЕР’’ – д.е. Скопје;
- Стручна ревизија за урбанистички проект со план за парцелација на дел од ДУП Демир Капија донесен со одлука од 1985, со технички број 384/83 со тех.бр.0901-351/23 од мај 2023 изработена од Друштво за трговија и услуги ,,БИЛД УРБАН’’ ДООЕЛ Скопје;
- Решение со број 09-358/1 од 11.05.2021 година, за формирање на Комисија за урбанизам од Градоначалникот на Општина Демир Капија;
- Годишна програма за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2023 год. бр.08-960/11 од 26.12.2022;
- Програма за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2023 год. бр.08-220/11 од 07.03.2023;

- Записник бр.УПI10-117 од 18.05.2023 за Урбанистички проект со план за парцелација на дел од ДУП Демир Капија донесен со одлука од 1985, со технички број 384/83;
- Извештај од стручно мислење бр. УПI10-117 од 18.05.2023 за Урбанистички проект со план за парцелација на дел од ДУП Демир Капија донесен со одлука од 1985, со технички број 384/83;

**Член 5**

Одлуката за потврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на дел од ДУП Демир Капија донесен со одлука од 1985, со технички број 384/83 со тех.бр.03-37/23 од април 2023 изработен од дооел ,,НИМАЕР'' – д.е. Скопје, задолжително се објавува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам. По донесување и објавување на оваа одлука Урбанистичкиот проект со план за парцелација станува составен дел на електронски регистар на донесени урбанистички планови во рамките на информацискиот систем е-урбанизам. Пристап до електронскиот регистар имаат донесувачот на планот, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, Агенцијата за планирање на просторот и Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 6**

Електронска форма од Урбанистички проект со план за парцелација на дел од ДУП Демир Капија донесен со одлука од 1985, со технички број 384/83 со тех.бр.03-37/23 од април 2023 изработен од дооел ,,НИМАЕР'' – д.е. Скопје се објавува на веб-страницата на Општината.

**Член 7**

Агенцијата за катастар на недвижности е должна во рок од десет (10) работни дена од приемот на известувањето за одобрувањето на Урбанистички проект со план за парцелација на дел од ДУП Демир Капија донесен со одлука од 1985, со технички број 384/83 со тех.бр.03-37/23 од април 2023 изработен од дооел ,,НИМАЕР'' – д.е. Скопје во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам да изврши дигитално преклопување на планот.

**Член 8**

Оваа одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Демир Капија“.

Број 08 – 473/3
23.06.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2023 година**

Се објавува Програма за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2023 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 23.06.2023 година.

Број 09 –486/2
26.06.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.05/02) и член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/2020), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на ден 23.06.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2023 година**

Член 1

Со оваа програма се врши измена и дополна на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2023 година (Сл.гласник на Општина Демир Капија бр.13/2022 и бр.2/2023).

Член 2

Во програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2023 година,

- Во глава **V. ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ** се додаваат три нови точки кои гласат:

**25. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Г2 – лесна, преработувачка и помалку загадувачка индустрија на КП 72, дел од КП 73, дел од КП 74 и дел од КП 75, КО Прждево, Општина Демир Капија**

**26. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Б5.1 – хотелски комплески на дел од КП 1051/1, дел од КП 1050/2, дел од КП 800, дел од КП 799, дел од КП 803, дел од КП 797, КП 796, КП 798, КП 801, КП 802, КП 805 и дел од КП 795/1, КО Демир Капија, Општина Демир Капија**

**27. Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Б 5.1 – хотелски комплекси на КП 5549 и дел од КП 4480, КО Демир Капија, Општина Демир Капија**

Член 3

Програмата влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Демир Капија.

Број 08 – 473/4
23.06.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување во 2023 година**

Се објавува Решение за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување во 2023 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 23.06.2023 година.

Број 09 –486/3
26.06.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 20-б став (1) алинеја 2 и став (11) од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на Република Македонија“бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), Советот на Општина Демир Капија на 22-та седница одржана на ден 23.06.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на Измена на Годишен план за вработување во 2023 година**

**1.** Советот на Општина Демир Капија дава Согласност на Измена на Годишниот план за вработување во 2023 година во општинската администрација на општина Демир Капија, изготвен врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и

образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување.

Измената на Годишниот план за вработување во 2023 година е составен дел на оваа одлука.

**2**. Измената на Годишниот план за вработување во 2023 година се доставува на мислење до надлежното Министерството за информатичко општество и администрација.

**3**.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 473/5
23.06.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за недонесување на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2024 година на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија**

Се објавува Решение за недонесување на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2024 година на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 23.06.2023 година.

Број 09 –486/4
26.06.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), Советот на Општина Демир Капија на XXII-та седница одржана на ден 23.06.2023 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За недонесување на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2024 година на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија**

**1.** Советот на Општина Демир Капија не го донесе Решението за давање согласност на Годишен план за вработување во 2024 година на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија.

**2.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 473/6
23.06.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување финансиски средства на Здружение Фудбалски Клуб ЖФК ЛОЗАРКИ Демир Капија**

Се објавува Решение за одобрување финансиски средства на Здружение Фудбалски Клуб ЖФК ЛОЗАРКИ Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 23.06.2023 година.

Број 09 –486/5
26.06.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), постапувајќи по барањето бр.08-321/1 од 31.03.2023 година од Здружение Фудбалски Клуб ЖФК ЛОЗАРКИ Демир Капија, Советот на Општина Демир Капија на XXII-та седница одржана на ден 23.06.2023 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За одобрување финансиски средства на Здружение Фудбалски Клуб ЖФК ЛОЗАРКИ Демир Капија**

**1.** Советот на општина Демир Капија ОДОБРУВА финансиски средства во износ од **15.000,00 денари** на Здружение Фудбалски Клуб ЖФК ЛОЗАРКИ Демир Капија, кои средства ќе бидат искористени за учество во натпреварувачката сезона 2023/24 година - Втора Македонска женска лига.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Демир Капија за 2023 година, Програма А00 подставка 463 110 – трансфери до здруженија на граѓани и фондации, на сметка 270076083060149.

**3.** Здружението да достави извештај за тоа каде се потрошени одобрените средства.

**4.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 473/7
23.06.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 23.06.2023 година.

Број 09 –486/6
26.06.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-372/1 од 03.05.2023 година, Советот на Општина Демир Капија на XXII-та седница одржана на ден 23.06.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **15.000,00 (петнаесет илјади) денари** на лицето **АМДИ УСИНОВ** од с.Корешница, заради лекување во земјата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 250030000291934 на лицето Амди Усинов од Буџетот на општина Демир Капија ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 473/8
23.06.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 23.06.2023 година.

Број 09 –486/7
26.06.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на

финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-412/1 од 16.05.2023 година, Советот на Општина Демир Капија на XXII-та седница одржана на ден 23.06.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **6.000,00 (шест илјади) денари** на лицето **ЖАКЛИНА ЈАНЕВА** од с.Прждево, заради лекување во земјата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 200003280805481 на лицето Жаклина Јанева од Буџетот на општина Демир Капија ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 473/9
23.06.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 23.06.2023 година.

Број 09 –486/8
26.06.2023 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-437/1 од 05.06.2023 година, Советот на Општина Демир Капија на XXII-та седница одржана на ден 23.06.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **10.000,00 (десет илјади) денари** на лицето **ГЛИГОР БАЛОВ** од Демир Капија ул.Илинденска бр.57, заради лекување во земјата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 240327105719008 на лицето Глигор Балов од Буџетот на општина Демир Капија ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 473/10
23.06.2023 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување финансиски средства за организирање на Традиционален ПЕТРОВДЕНСКИ ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ Бистренци за 2023 година**

Се објавува Решение за одобрување финансиски средства за организирање на Традиционален ПЕТРОВДЕНСКИ ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ Бистренци за 2023 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 23.06.2023 година.

Број 09 –486/9 Градоначалник на
26.06.2023 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), постапувајќи по барањето бр.08-483/1 од 22.06.2023 година од Здружение Фудбалски Клуб ФК ВАРДАР БИСТРЕНЦИ с.Бистренци, Советот на Општина Демир Капија на XXII-та седница одржана на ден 23.06.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување финансиски средства за организирање на Традиционален ПЕТРОВДЕНСКИ ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ Бистренци за 2023 година**

**1.** За организирање на спортската манифестација од отворен тип, Традиционалниот ПЕТРОВДЕНСКИ ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ Бистренци за 2023 година, во организација на Здружение Фудбалски Клуб ФК ВАРДАР БИСТРЕНЦИ с.Бистренци, се одобруваат финансиски средства во износ од **20.000,00 денари**, како финансиско учество за покривање на трошоците за организацијата на турнирот.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Демир Капија за 2023 година, Програма А00 подставка 463 110 – трансфери до здруженија на граѓани и фондации, на сметка 270076330250196.

**3.** Здружението да достави извештај за тоа каде се потрошени одобрените средства.

**4.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 473/11 Претседател на Совет на
23.06.2023 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за одземање на мандат на член на Советот на општина Демир Капија**

Се објавува Одлука за одземање на мандат на член на Советот на општина Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 23.06.2023 година.

Број 09 –486/10 Градоначалник на
26.06.2023 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 46 став 3 и став 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.02/05) и член 31 од Деловникот на Советот на Општина Демир Капија ("Службен гласник на општина Демир Капија"бр.08/05), Советот на општина Демир Капија на 22-та седница одржана на ден 23.06.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За одземање на мандат на член на Советот на општина Демир Капија**

**Член 1**

На советникот **ПАНЧЕ ЛАЗАРОВ,** му се одзема мандатот на член на Советот на општина Демир Капија, поради неоправдано отсуство од три седници на советот по ред.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 473/12 Претседател на Совет на
23.06.2023 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Андон Крстевски с.р.

---